# И ОВАА ГОДИНА СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК СО НОВИТЕТИ ЗА СВОИТЕ ЧЛЕНОВИ

**УСВОЕН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК**

Согласно Статутот на СОНК, на ден 27.05.2021 година, беше одржана седница на Надзорниот одбор на Синдикалниот фонд на СОНК. На оваа седница беше разгледан Извештајот за финансиското работење на Синдикалниот фонд на СОНК за 2020 година, врз основа на документацијата изготвена од независно сметководствено биро.

Од членовите на Надзорниот одбор беше констатирано дека Синдикалниот фонд работи со позитивни финансиски резултати, а сите пристигнати документи се навремено реализирани, по сите основи.

Исто така, беше одржана седница на Управниот одбор, но и на Собранието на Синдикалниот фонд на СОНК, на која беше усвоен Извештајот за финансиското работење на Синдикалниот фонд на СОНК за 2020 година. На седницата беа отворени повеќе прашања во врска со можностите за воведување на евентуални нови поволности, зголемување на основиците на веќе постоечки основи, како и финансиските можности на Фондот за овие новитети, се со цел да се излезе во пресрет на потребите на членовите за користење на поголеми права од Синдикалниот фонд на СОНК.

Собранието на Синдикалниот фонд, кој го сочинуваат по еден претставник од регионалните одбори на СОНК, ги разгледа сите предлози и мислења и ги усвои следниве новитети:

- На предлог на Собранието, Управниот одбор на Синдикалниот фонд донесе одлука да се зголеми висината

на Синдикалниот кредит, кој претставува единствен основ каде средствата се повратни, од 18.000 на 20.000 денари.

- Собранието едногласно го усвои предлогот за зголемување на основицата по основ материјална штета односно при пожар или поплава во домот на живеење кога корисникот на Фондот има претрпено потешка материјална штета. Основицата се зголемува во зависност од бројот на просечните плати, а корисникот има право на еднократна парична помош во зависност од висината на штетата.
- Од членовите на Собранието на Синдикалниот фонд на СОНК едногласно беше усвоен предлогот за воведување на новина по други основи односно право на парична помош по основ на пензионирање. Со воведување на овој предлог, корисникот на Фондот има право на парична помош во износ од 50% од утврдената основица.

На крајот од седницата, од страна на Собранието беше констатирано дека Синдикалниот фонд на СОНК е од огромно значење за неговите членови. Членовите на Фондот, освен што имаат потреба од него, тие се и презадоволни со неговото функционирање и излегување во пресрет на сите оние на кои им е потребен.

Истиот ден, се одржа и седница на Надзорниот одбор на Советот на СОНК, на која беше изготвен Финансискиот извештај за работењето на Советот за 2020 година, а кој дополнително ќе биде предмет на разгледување и усвојување на некоја наредна седница.